**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Снежана Андреевска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански суд Скопје**
**и Основен Кривичен суд** Скопје
**Бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 28/5-11**
**тел.02 2463 026**

**Образец бр.66**

**И.бр.2012/20**

Извршителот Снежана Андреевска од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот/ремитент Стопанска Банка АД Скопје од Скопје со ЕМБС 4065549, ЕДБ 4030996116744 и седиште на 11 Октомври бр. 7, засновано на извршната исправа Нотарски акт – Изјава за уредување на права и обврски на потписници на меници ОДУ бр.67/14 од 14.07.2014 година на Нотар Елизабета Арсовска, против должникот/трасант Друштво за издавачка дејност ТАБЕРНАКУЛ Цветан ДОО и др. увоз извоз Скопје од Скопје со ЕМБС 4129784, ЕДБ 4030989119720 и седиште на ул. Христо Татарчев бр.11, за спроведување на извршување, на ден 29.03.2021 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

I. Недвижен имот запишан на Имотен лист бр.50945 за КО Кисела Вода 2 со следните ознаки:

- 1927/10856 идеален дел од КП бр.5340 дел 30, викано место/улица Првомајка, катастарска култура ГЗ - ЗПЗ 124, со површина од 10855 м2, со право на сосопственост од 1927/10856 идеален дел на должникот/трасант Друштво за издавачка дејност ТАБЕРНАКУЛ Цветан ДОО и др. увоз извоз Скопје, и други

II. Недвижен имот запишан на Имотен лист бр.50944 за КО Кисела Вода 2 со следните ознаки:

- КП бр.5340 дел 30, адреса Првомајка, број на зграда 124, намена на зграда и други објекти Б4-6, влез 1, кат ПР, број ДП-1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина од 211 м2;
- КП бр.5340 дел 30, адреса Првомајка, број на зграда 124, намена на зграда и други објекти Б4-6, влез 1, кат ПР, број ДП-4, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина од 1716 м2, со право на сопственост на должникот/трасант Друштво за издавачка дејност ТАБЕРНАКУЛ Цветан ДОО и др. увоз извоз Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден **20.04.2021** година во **12:00 часот** во просториите на извршител Снежана Андреевска од Скопје, на бул. Кузман Јосифовски Питу бр.28/5-11.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.2012/20, изнесува **839.962,00 ЕУР** во денарска противвредност по среден курс на НБСРМ на денот на продажбата како почетна цена за продажба на недвижноста, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености хипотека во корист на Стопанска Банка АД Скопје, налози на извршител.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210065586400209 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број МК5032010500238.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Снежана Андреевска

Д.-на: Доверител
Должник
Министерство за финансии- Управа за јавни приходи- Регионална дирекција Скопје
Град Скопје- Одделение за наплата на даноци и други јавни давачки
Извршител Зоран Димов
Сосопственици на ИЛ 50945

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.